**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-38

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11 и 41/2014), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мaѓар Телеком Нирт. (Magyar Telekom Nyrt.) со седиште на Krisztina krt. 55, 1013 Будимпешта, Унгарија, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седница одржана на ден 11.06.2015 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата помеѓу **Мaѓар Телеком Нирт. (Magyar Telekom Nyrt.)** со седиште на Krisztina krt. 55, 1013 Будимпешта, Унгарија и **МЕТ Холдинг АГ (МЕТ** Holding AG) со седиште на Baarerstrasse 141, CH-6300 Zug, Швајцарија, која ќе настане преку создавање на заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 06.05.2015 година, Мaѓар Телеком Нирт. (во понатамошниот текст: Мaѓар Телеком) согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација помеѓу Мaѓар Телеком и МЕТ Холдинг АГ (во понатамошниот текст: МЕТ), преку создавање на заедничко вложување кое на долгорочна основа ќе врши активности на автономна економска целина. Мaѓар Телеком и МЕТ имаат намера да го основаат Друштвото како посебно правно лице, во форма на акционерско друштво (private company limited by

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ти кат), **1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

shares). По основањето на Друштвото, акциите издадени од Друштвото ќе бидат во сопственост на МЕТ и Мађар Телеком. Врз основа на акционерскиот договор склучен помеѓу МЕТ и Мађар Телеком на 11.03.2015 година, двете договорни страни ќе имаат по xxx[1]% од акциите издадени од друштвото.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**:

- **Мађар Телеком Нирт.** (Magyar Telekom Nyrt.) со седиште на Krisztina krt. 55, 1013 Будимпешта, Унгарија. Мађар Телеком е водечки давател на телекомуникациски услуги во Унгарија, во којшто Дојче Телеком АГ (Deutsche Telekom AG) има капитално учество од 59%, додека со неговите преостанати акции се тргува на берзата во Будимпешта, а со неговите американски депозитарни признаници (ADRs) се тргува на американскиот пазар на хартии од вредност преку шалтер. Мађар Телеком обезбедува фиксни и мобилни комуникациски услуги за резиденцијални корисници и корисници кои се мали и средни претпријатија под брендот Telekom, како и корпоративни услуги за фирми корисници под брендот T-Systems. Мађар Телеком водечка компанија на унгарскиот пазар за фиксни гласовни услуги, широкопојасен интернет, платена телевизија (pay TV) и мобилни гласовни услуги, мобилен широкопојасен интернет и услуги на информатичка технологија / интегрирање на системи. Основната дејност на Мађар Телеком е да обезбедува телекомуникациски услуги и услуги на информатичка технологија. Мађар Телеком е, исто така, снабдувач на мало со енергија кој испорачува електрична енергија и природен гас на крајни потрошувачи.

  Во Република Македонија зависни друштва на Мађар Телеком се следните:

  - Акционерско друштво за деловни и менаџмент и други консултантски услуги ТЕЛЕМАКЕДОНИЈА АД Скопје - во ликвидација, со седиште на „Кеј 13-ти Ноември“ бр. 6, 1000 Скопје и предмет на работење - дејности на консалтинг во врска со работењето и останато управување. Телемакедонија АД Скопје е зависно друштво во целосна сопственост на Мађар Телеком.

  - Акционерско друштво за деловни менаџмент и други консултантски услуги КАМЕНИМОСТ КОМУНИКАЦИИ АД Скопје, со седиште на „Кеј 13-ти Ноември“ бр. 6, 1000 Скопје и предмет на работење - дејности на

---

[1] Податоците се службена тајна

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

холдинг компании. Каменимост Комуникации АД Скопје е зависно друштво во целосна сопственост на Мађар Телеком.

- МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје, со седиште на „Кеј 13-ти Ноември“ бр. 6, 1000 Скопје и предмет на работење - дејности на жичани комуникации. Македонски Телеком е во мнозинска сопственост (51%) на Каменимост Комуникации АД Скопје и индиректно на Мађар Телеком.

- Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА Акционерско друштво за мобилни комуникации – Скопје, со седиште на „Кеј 13-ти Ноември“ бр. 6, 1000 Скопје и предмет на работење - дејности на безжични комуникации. Т-МОБИЛЕ МАКЕДОНИЈА е во целосна сопственост на Македонски Телеком и индиректно на Каменимост Комуникации АД Скопје и на Мађар Телеком.

- **МЕТ Холдинг АГ (MET Holding AG)** со седиште на Baarerstrasse 141, CH-6300 Zug, Швајцарија. МЕТ Холдинг е холдинг компанија на МЕТ Групацијата, која е активна на европскиот пазар, помеѓу другото, во бизнисот со трговија, продажба на големо и продажба на мало на природен гас, електрична енергија, нафта и други нафтени производи. МЕТ Групацијата е присутна на ххх национални пазари за природен гас ххх со зависни друштва во Унгарија, ххх, Швајцарија ххх. МЕТ Групацијата е вклучена во малопродажба на природен гас во Унгарија, ххх, а има почнато да го зголемува и присуството на пазарот на мало на електрична енергија во Унгарија, ххх. Во Унгарија, МЕТ Групацијата е вклучена во трговија на големо и на мало со природен гас и со електрична енергија, како и во производство на електрична енергија.

  ххх

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став 2, став 3 и став 4 од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 7 б) од Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот, бидејќи нема за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**